НАЦРТ

# ЗАПИСНИК
од Педесет и осмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 11 март 2025 година

Скопје, март 2025 година

З А П И С Н И К
од Педесет и осмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 11 март 2025 година

Седницата започна во 14:45 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за степен на реализација на проектите од Програмата на Владата (2024-2028)

2. Преглед на активности согласно задолженија по заклучоци од седници на Владата, по кои институциите немаат постапено и прегледи за мислења и материјали доставени во владина постапка

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за степен на реализација на проектите од Програмата на Владата (2024-2028) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства во рамки на своите надлежности до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, секој месец, најдоцна до 20-ти во месецот за претходниот месец да доставаат пополнети табеларни извештаи со сите релевантни податоци од значење на реализацијата на проектите кои произлегуваат од Програмата за работа на Владата (2024-2028), а особено податоци за:

- месец и година на планирано започнување и завршување за секој проект одделно;

- буџетот потребен за реализација на секој проект одделно;

- реализирани активности за периодот за кој се известува согласно претходно утврдените мерки и активности за секој проект поодделно;

- планирани активности за наредниот период со планирани рокови за завршување на истите; ризици во спроведувањето на мерките и активностите за реализација на секој проект одделно предизвици со кои се соочуваат во текот на реализацијата на проектите, а кои се од значење за динамиката за реализација на истите и

-информација за проекти, за кои сеуште не е започната реализацијата или истата се одвива со задоцнување, како и за причините за одложувањето, односно доцнењето на реализацијата.

2. Се задолжуваат сите министерства во рамки на своите надлежности да му овозможат на секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, односно од него овластените лица, целосна вклученост во активностите за реализацијата на проектите кои произлегуваат од Програмата за работа на Владата (2024-2028), а кои се од значење за извршување на неговите надлежности на начин што:

-во рок од седум дена ќе достават барање за номинација на лица од Канцеларијата на претседателот на Владата во работни групи, кои извршуваат активности поврзани со реализацијата на проектите и ќе ги вклучат претставниците на Канцеларијата на претседателот на Владата во работни групи, за кои е доставена соодветна номинација со допис од страна на Канцеларијата на претседателот на Владата;

-во рок од седум дена ќе номинираат претставници од својата институција во тековни работни групи во кои е побарана номинација на претставници од нивна страна, со цел овозможување на целосна функционалност на работните групи и спроведување на реализацијата на проектите;

-ќе овозможат целосен увид во тековните активности поврзани со реализацијата на проектите на негово барање, доколку за тоа има потреба;

-ќе ги обезбедат и доставаат потребните информации и податоци поврзани со реализацијата на проектите на негово барање, доколку за тоа има потреба;

-ќе преземат други неопходни дејствија за соработка, со цел непречено извршување на активностите за координација и следење на реализацијата на проектите.

## Точка 2

Владата го разгледа Прегледот на активности, согласно задолженија по заклучоци од седници на Владата, по кои институциите немаат постапено / доставено материјали во владина постапка и табеларни прегледи со институции кои немаат доставено мислења во определениот рок, со број на недоставени мислења, согласно Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, со прилози, го усвои и ги задолжи сите државни институции, ажурно да постапуваат по задолженијата содржани во прилозите и задолженијата кои произлегуваат од седниците на Владата.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:20 часот.

| | |
|---|---|
| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
| Игор Јанушев | проф. д-р Христијан Мицкоски |